УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ; СПОРТ И ЗДРАВЈЕ
СКОПЈЕ
дел.број 02 1013/1 од 04.11.20 година

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018), член 65 Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019 година) и член 59 од Статутот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.453/2019 година), деканот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

За распишување избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

**Член 1**

Се распишуваат избори за претседател и 6 (шест) членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање online на ден 04.12.2020 година (петок), преку лиценцирана платформа за електронско гласање, којашто ја гарантира тајноста на гласањето, во период од 8 до 19 часот.

**Член 2**

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во состав:

1. Вонр.проф.д-р Андријана Мисовски – претседател
2. Вонр.проф.д-р Борче Даскаловски – член
3. Иван Крстевски, студент - член
4. Сојанче Колев,студент - член
5. Филип Јаневски,студент - член

Се именуваат заменици на изборна комисија за спроведување на изборите за членови на Факултетското студентско собрание и за избор на претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во состав:

1. Вонр. проф.д-р Влатко Неделковски – претседател,
2. Доц. д-р Лука Поповски – член
3. Елеонора Пешевска,студент - член
4. Младен Славковски,студент - член
5. Алмир Османспахиќ,студент - член

**Член 3**

Кандидатите за претставници во Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студенти, од секоја студиска година запишани на додипломски студии и на собири на студентите на посдипломски и докторски студии, во учебната

2020/2021 година согласно Статутот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, Одлуката за начин на организирање на изборите на Факултетските студентски собранија и Упатството за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание по пат на електронско гласње.

**Член 4**

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите по студиски години од прв циклус студии (додипломски студии) втор циклус студии (постдипломски студии) и од трет циклус студии (докторски студии) и тоа:

-1 студенти од прва година,
-1 студенти од втора година,
-1 студенти од трета година,
-1 студенти од четврта година,
-1 студенти од втор и
-1 студент од трет циклус.

**Член 5**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната 2020/2021 година и имаат запишан зимски семестар.

**Член 6**

За претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот кој ги положени сите испити заклучно со трет семестар.

Кандидирањето на претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 30 студенти од Факултетот кои имаат право да гласаат.

Кандидатурата (писмена пријава) заедно со потписите за поддршка од студентите се доставува во три примерока најдоцна до 27 ноември 2020 година до Изборната комисија преку архивата на Факултетот.

По исклучок, во услови на пандемија или вонредна состојба, подршката на кандидатурата на претседателот може да се искаже преку доставување на изјава за поддршка од страна на студентите преку официјалната е-пошта на студентот до официјалната е-пошта на Изорната комисија.

**Член 7**

За избран претседател и членови на Факултетското студентско собрание се смета кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

**Член 8**

Се задолжува изборната комисија од член 2 од оваа Одлука, изборите за членови на Факултетското студентско собрание и изборот на претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Одлуката за начин на организирање на изборите на Факултетските студентски собранија и Упатството за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание по пат на електронско гласње.

Комисијата од став 1 на овој член донесува Упатство со кое се утврдува начинот на работа, начинот за гласање преку електронските средства, образецот на записникот, начинот на предлагање на кандидати, начинот на гласање и пребројување на гласовите, објавување на резултатите од гласањето, соопштенијата и сл., чување и увид во изборната документација, како и други прашања поврзани со постапката за организирање и спроведување на изборите.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на веб страната на Факултетот, студентската огласна табла, членови на изборна комисија .

ДЕКАН

Проф.д-р Ленче Алексовска Величковска